## Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во јуни 2003 година

- *На 2 јуни започна исплатата на првата рата од државните обврзници за денационализација.*

- *На 3 јуни беа зголемени производствените цени на нафтените деривати (Службен весник на РМ бр. 36/2003).*

- *На седница на Владата од 11 јуни беа усвоени неколку законски измени:*
  *1/ Измени во Законот за Фондот за осигурување депозити, според кои Фондот ќе ги обесштетува штедачите од одделна банка, најдоцна во рок од три месеци по одземањето на дозволата за работа на банката. Новина претставува и намалувањето на премијата што банките ја плаќаат на Фондот, која ќе биде максимум 0,7% од висината на депозитите на физичките лица во банката (наместо досегашниот максимум од 2,5%, а фактички се уплатуваше 1%), со цел намалување на трошоците на банките и на каматните стапки. Исто така, наместо досегашните 5% од штедните влогови, колку што треба да достигне премијата од банките, таа е намалена на 4%. Новоосновамите банки, ќе треба да платат влезна премија во Фондот од 1%;*
  *2/ Измени на Законот за лизинг, со кои се опфаќа и лизингот на недвижност, а не само на подвижни предмети. Со измените е отстранета досегашната обврска за депонирање од 100.000 евра за вршење лизинг, со цел да се стимулираат фирмите и банките за вршење на оваа дејност;*
  *3/ Измени во законите за денационализација и за замрзнатите девизни заштеди, со кои се предвидува обврзниците издадени по овие основи да можат да се користат и за плаќање на сите обврски спрема Агенцијата за управување со средства (поранешна Агенција за санација на банки).*

- *На 11 јуни отпочна издвојувањето на задолжителна резерва на банките во девизи (на девизните депозити) по стапка од 7,5% и задолжителна резерва на банките во денари (на денарските депозити), по намалена стапка од 7,5%.*

- *Од 12 јуни започна со работа вториот мобилен оператор во Република Македонија - Космофон.*

- *На 12 јуни беше формиран Национален совет за претприемништво и конкурентност на Македонија, со намера да се подобри конкурентската способност на домашното производство на европскиот и светскиот пазар, како и да се отстранат бариерите во работата на приватниот сектор како носител на идниот развој на економијата. Притоа, беа формирани и првите два кластера: едниот во областа на туризмот, а другиот во областа на производството на јагнешко месо и млечни производи. Во кластерите се опфатени сите производители од споменатите дејности.*

- *Од 13 јуни започна продажбата на остатокот од државниот и општествениот капитал во сопственост на Агенцијата за приватизација на Република Македонија преку берзата, а од 20 јуни се продаваат и побарувањата на Агенцијата за управување со средства.*

- *Од 17 јуни беа зголемени малопродажните цени на нафтените деривати, врз основа на одлука на Владата (Службен весник на РМ бр. 39/2003).*

- *Успешен пробив на градежната оператива во странство - градежното претпријатие "Гранит" од Скопје, по покана на Владата на Украина, потпиша договор за изградба на патна инфраструктура во Украина, во вредност од 20 милиони евра (втор по големина градежен зафат што компанијата го врши во оваа странска земја). Се работи за изградба на автопат од Киев до Одеса, на кој "Гранит" треба да изгради четири делници со вкупна должина од 12 километри.*